20.09.2017г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во Медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на д-р Јане Нетковски за текстот насловен „450 евра за Јането: Новиот директор на уво, нос и грло познат митаџија“, објавен на интернет порталот „Република“.**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинари е прекршен во членот 1 и 13.

***Член 1***

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13***

*„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 4 септември 2017 година, д-р Јане Нетковски поднесе жалба за текстот со наслов „450 евра за Јането: Новиот директор на уво, нос и грло познат митаџија“, објавен на 4 август 2017 година на интернет порталот „Република“(www.republika.mk).

Во жалбата се наведува дека објавениот текст содржи неточно и нефер известување, говор на омраза, презумпција на невиност и сведоци, пристрасност во информирањето, назастапена втора страна, навреда и клевета.

*„Во текстот се наведени целосни невистини и се застапени клеветнички наводи, а известувањето е тенденциозно, неточно и нефер, со што се нарушува мојот углед како лекар и личност“*, наведува жалителот.

*„Напоменувам дека не постои правосилна судска пресуда со која сум осуден за било какво кривично дело“*, посочува жалителот, кој во жалбата приложи и документ издаден од Основното Јавно Обвинителство, со кој се докажува дека против него е запрена поведената истражна постапка.

Жалителот, меѓу другото, наведува дека испратениот демант за текстот, медиумот го објавил, но на начин што не е пропорционален на штетата што му е нанесена на неговите чест и углед.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Република“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Од медиумот не одговорија на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината на текстот е **ОСНОВАНА**.

На седницата на 14.09.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст.

Комисијата најде дека интернет порталот „Република“ го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојува насловот од текстот:

***„450 евра за Јането: Новиот директор на уво, нос и грло познат митаџија“.***

Постулат на новинарската професија е да се побара став од сите засегнати страни, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно не поврзани извора. Изборот на фактите мора да

обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Во продолжение, Комисијата утврди дека авторот своите мислења ги прикрива како факти и со тоа го прекршил и членот 13 од Кодексот на новинарите, што особено е нагласено во следните реченици:

***„Иако Заев верува дека рибата смрди од опашката, практиката на СДСМ ја докажува вистинитоста на поговорката, но онака како што навистина гласи – рибата смрди од главата. Затоа не е ни чудно што на раководни позиции партијата на чиешто чело е Заев поставува докажани митации" .***

Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулации.

При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:

* **Документот приложен во жалбата на жалителот** (Наредба за запирање на истражната постапка против Јане Нетковски, издадена од Основното Јавно Обвинтелство)

* **Членот 16 од Уставот во делот во кој се вели:**

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.

Во согласност со наведеното, комисијата одлучи како во диспозитивот.

На седницата одржана на 14.09.2017 година, претседателот на Комисијата, Мирче Адамчевски беше изземен од расправата за случајот, во согласност со член 11 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби поради судир на интереси.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Сефер Тахири, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски и Мери Јордановска.

**Се обврзува интернет порталот Република (www.republika.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595